**ЗАПИСНИК**
**од 45-та седница на Советот на Општина Градско**
**одржана на ден 05.03.2025 година, со почеток во 15.00 часот**
**во салата на Општина Градско на следниот**

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08 - 181/2
03.04. 2025 год.
ГРАДСКО

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Записникот од 44-та седница на Советот на Општина Градско.
2. Предлог- Одлука за финансиско учество на општина Градско во проект „Подобрување на животната средина преку набавка на специјализирани возила за општините во Вардарски плански регион".
3. Предлог- Одлука за измена на Одлука за прифаќање на донација на урбанистички проект.
4. Разгледувања на барања и поднесоци.
5. Разно.

Со Седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Градско, Мирјана Ѓорѓиева.

Од 9 советници, на седницата присутни беа сите 9 советници: Мирјана Ѓорѓиева, Цаце Будимов, Даниел Мирчов, Тоше Петревски, Јованче Стојанов, Слободан Бошков, Маја Андовска, Боне Спасовски и Сеат Сулковиќ.

По констатацијата дека постои кворум за работа, претседателот на Советот ја отвори седницата, го прочита дневниот ред и предложи истиот да биде дополнет со две точки:

1.Предлог- Одлука за усвојување на Одлуката за усвојување на Извештајот (квартален и кумулативен) за финансиско работење на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА за период од 01.07.2024 до 31.12.2024 година и

2.Предлог- Одлука за усвојување на Одлуката за усвојување на Годишна- завршна сметка на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА за 2024 година.

Дневниот ред беше ставен на гласање и со 9 гласа ЗА истиот беше усвоен.

Советот на Општина Градско, пристапи кон поединечно решавање на точките од дневниот ред за 44-та седница на Совет на Општина Градско.

*1.Усвојување на Записникот од 44-та седница на Советот на Општина Градско.*

Претседателот на Совет на Општина Градско, отвори расправа по Записникот од 44-та седница на Совет на Општина Градско.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Записникот од 44-та седница на Совет на Општина Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Записникот од 44-та седница на Совет на Општина Градско.

*2.Одлука за финансиско учество на општина Градско во проект „Подобрување на животната средина преку набавка на специјализирани возила за општините во Вардарски плански регион".*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 2 од дневниот ред.

Мирјана Ѓорѓиева- оваа одлука ја носиме за да се аплицира за набавка на специјализирано возило за кое средствата ги обезбедува Центарот за развој на Вардарски плански регион, но и општината кофинансисра дел од средствата.

Јованче Стојанов- за какво возило станува збор.

Мери Седмакова Димовска- цистерна со резервоар за вода за миење, гаснење пожар, за прочистување на канализација.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за финансиско учество на општина Градско во проект „Подобрување на животната средина преку набавка на специјализирани возила за општините во Вардарски плански регион".

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за финансиско учество на општина Градско во проект „Подобрување на животната средина преку набавка на специјализирани возила за општините во Вардарски плански регион".

*3.Одлука за измена на Одлука за прифаќање на донација на урбанистички проект.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 3 од дневниот ред.

Мирјана Ѓорѓиева- во 2023 година донесовме Одлука за прифаќање на донација за урбанистички проект, сега станува збор за измена на донесената одлука.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за измена на Одлука за прифаќање на донација на урбанистички проект.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за измена на Одлука за прифаќање на донација на урбанистички проект.

*4.Одлука за усвојување на Одлуката за усвојување на Извештајот (квартален и кумулативен) за финансиско работење на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА за период од 01.07.2024 до 31.12.2024 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за усвојување на Одлуката за усвојување на Извештајот (квартален и кумулативен) за финансиско работење на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА за период од 01.07.2024 до 31.12.2024 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Одлуката за усвојување на Извештајот (квартален и кумулативен) за финансиско работење на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА за период од 01.07.2024 до 31.12.2024 година.

*5.Одлука за усвојување на Одлуката за усвојување на Годишна- завршна сметка на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА за 2024 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 5 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за усвојување на Одлуката за усвојување на Годишна- завршна сметка на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА за 2024 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Одлуката за усвојување на Годишна- завршна сметка на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА за 2024 година.

6.*Разгледувања на барања и поднесоци*

а) Барање од Роберт Иванов за ослободување од плаќање на надоместок на комунална такса за јавно осветлување.

Боне Спасовски- сите немаме улично осветлување, нема бандери на секоја куќа.

Слободан Бошков- нека се обрати до ЕВН, ние може да ослободиме ако е надвор од наелено место, можеби ќе изгради куќа на тоа место.

По разгледување на барањето советниците едногласно одлучија да се стави на наредна седница.

*7.Разно*

Маја Андовска- легнатиот полицаец се уште не е тргнат.

Сеат Сулковиќ- да се постават легнати полицајци на улица 8 Септември.

Откако беа исцрпени сите точки на дневниот ред, Претседателот на Советот на Општина Градско ја затвори 45-та седница во 16:00 часот.

Записник водел:
Мери Седмакова Димовска

Претседател
на Совет на Општина Градско
Мирјана Ѓорѓиева